ФЗОРСМ
FSSHRMV

**Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија**
**Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut**

Број: 04- ______________
____________2021 година
С к о п ј е

Врз основа на член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборен законик ( "Сл. Весник на РМ" бр. 40/2006; 127/2006; 136/2008; 155/2008; 163/2008; 44/2011; 51/2011; 54/2011; 142/2012; 31/2013; 34/2013; 14/2014; 30/2014; 32/2014; 31/2015; 196/2015; 35/2016; 97/2016; 99/2016; 136/2016; 142/2016; 57/2017; 67/2017; 125/2017; 35/2018; 99/2018; 140/2018; 208/2018; 27/2019; 98/2019; 146/2019; 42/2020; 72/2020; 160/2020; 74/2021), Директорот на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за мирување на постапка за унапредување на 2 (два) административни службеници во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Интерен оглас бр.01/2021**

1. Започнатата постапка за унапредување на 2 (два) административни службеници во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Интерен оглас бр.01/2021, се става во МИРУВАЊЕ
2. Ова решение влегува во сила на 12.08.2021 година.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на член 48 од Законот за административни службеници ("Сл.весник на РМ" бр.27/2014, 199/2014, 154/2015, 48/2015, 142/2016 и 11/2018, и 275/19, и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 14/20),) заради пополнување на упразнети работни места во Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, како и добиеното позитивно мислење од Министерство з финансии број 18- 5016/2 од 10.06.2021 за обезбедени финансиски средства за пполнување на 2 (два) работни места , Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија до Агенција за администрација на РСМ, на ден 05.08.2021 година достави Известување за објавување на И Н Т Е Р Е Н  О Г Л А С бр. 01/2021 за унапредување на 2 (два) административни службеници за заботните места:

- Директор на Сектор за управување со човечки ресурси; и
- Директор на Сектор за контрола

и барање за номинација за член и заменик член за Комисија за селекција за унапредување.


Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk

Истиот ден, на 05.08.2021 година од страна на службата за спроведување на интерен оглас од Агенција на администрација (преку е-маил) ни беже потврдено дека интерниот оглас ќе биде отворен согласно нашето барање а со траење на 7 (седум) дена.

На ден 06.08.2021 година претседателот на Собранието на Република Северна Македонија донесе Решение за распишување на избори за членови на Советите на општините и Советот на Градот Скопје, за градоначалници на општините и за градоначалник на Градот Скопје. Согласно законската рамка и роковите утврдени во Изборниот законик, локалните избори ќе се одржат на 17 октомври 2021 година.

Врз основа на член 8-а од Изборен законик која гласи: "Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје не може:" став 1 алинеа 3 која гласи: " да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи", Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија донесе решение за мирување на постапка за унапредување на 2 (два) административни службеници
во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Интерен оглас бр.01/2021

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против оваа решение може да се поднесе жалба преку Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија до Агенција за администрација на Република Северна Македонија во рок од 8 (осум) дена.

Директор
Стево Крстевски

Директор/ Drejtor
Faton Ahmeti, Mr.sc., MBA

Изготвил: Александар Младеновски
Контролирал: Сузана Делева
Одобрил: Фатиме Идризи/ Fatime Idrizi


Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Faks: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk